# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
# ЗА 2009 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Основниот суд во Кочани согласно чл.28 и 31 од Законот за судовите (,,Сл.весник на РМ,, бр.58/06 од 11.5.2006 г.) е во групата на судови со проширена надлежност и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд-Кочани, покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница, определена според цитираните членови.

Според новата систематизацијата, судиската функција во Основен суд-Кочани е определено да ја вршат 16 судии заедно со Претседателот.

Во 2009 г. во Основниот суд во Кочани потполнетоста со судиски кадар не беше целосна, според утврдената систематизација. Имено, на крајот на 2008 год. поради заминување во пензија беше разрешен судијата Васил Арсенов , а на 04.06. 2009 год. судијата Лилјана Равнак беше разрешена поради исполнување услови на старосна пензија, а во почетокот на јули 2009 год. судијата Зоранчо Мицевски беше избран за судија во Апелационен суд Штип . Имајки во предвид да со години наназад едно судиско место не е потполнето , судот во 2009 година работеше со тројца судии помалку.

Покрај судискиот кадар заради функционирање на судот се вработени 47 судски службеници и еден хигиеничар.

На квалитетот и квантитетот на работата значително влијание врши и непотполнетоста на работните места- судски службеници или технички персонал како на пример еден технички секретар на судија, нерешен статус на невработени лица како хигеничари (вработен е само еден хигиеничар ), благајник, четири судски приправници , и недоволен број на стручни соработници кој во 2009 година беа 4 /четири/ стручни соработници. Во месец септември 2009 година беа вработени уште двајца стручни соработници така да во овој момент нивниот број изнесува шест /6/ стручни соработници.

Покрај ваквата состојба Основниот суд во Кочани во 2009 г. работата ја извршуваше во рамките на местото и улогата која му е

дадена согласно Уставот и Законот за судовите и во рамките на Програмата за работа усвоена на почетокот на годината.

Крајната цел беше, е, и продолжува Основниот суд во Кочани заедно со сите други судови во државата преку својата работа и правораздавање, активно да се вклучи во семејството на Европските судови и што поприсутна примена на Европското право изразено преку Европските конвенции.

За својата работа во почетокот на 2009 г. судот изготви Програма за работа, а на крајот на годината ги сумира резултатите квантитативно и квалитативно.

Општа е констатацијата дека Програмата за работа во најголемиот дел од областите е остварена како според поединечните резултати, така и вкупно со реална оценка дека во одредени области програмата е остварена, дојде до намалување на заостатоците во сите области .

## II. ОБЕМ НА РАБОТА

Целокупното работење на Основниот суд во Кочани во 2009 г. е прикажано во сумарниот и поединечниот преглед од Годишниот табеларен извештај.

Општиот коментар на сумарниот преглед на движење на предметите би бил дека Осноиот суд Кочани во 2009 год. работел ажурно, бидејки успеал да го совлада приливот на предметите и да го намали заостатокот.

Од сумарниот преглед произлегува дека во почетокот на 2009 г. во Основниот суд во Кочани биле вкупно нерешени **11.360** предмети, примени се вкупно **12.118** предмети, во текот на годината вкупно во работа биле **23.478** предмети, решени се **12.838** предмети, останале нерешени **10.640** предмети со што е совладан приливот , а заостатокот намален за **720** предмета.

## III. АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Ажурноста претставува навремено и целосно постапување по предметите почитувајки ги законските рокови, а при тоа секогаш имајки го во предвид и Европското начело изразено преку судење во разумен рок.

Поединечниот преглед по области и предмети, а врз основа на сумарниот преглед на движење на предметите е следниот:

### *А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ*

- Во 2009 г. вкупно биле примени 147 истражни предмети, а биле решени 133 истраги или просечно месечно за 10,5 месеци се решавале по 13 истраги. Имајки во предвид дека на крајот на 2009 г. останале нерешени 26 истраги, приливот не е совладан и е зголемен за остаток од 14 предмети, но месечниот учинок во корелација со остатокот на нерешени предмети изнесува двомесечен заостаток или во оваа област судот е апсолутно ажурен.

- Во 2009 г. биле решени 114 истражно дејствие или просечно месечно 11 предмет, па имајки во предвид дека останале нерешени 7 истражни дејствија, месечниот заостаток е помал од еден месец, така да и во оваа област судот покажал апсолутна ажурност. Приливот е совладан и заостатокот намален за еден /1/ предмет.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 378 кривични предмети за полнолетни лица или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 36 предмети и имајки во предвид заостатокот од 73 кривични предмети за полнолетни лица, судот покажал апсолутна ажурност. Приливот е совладан , а заостатокот намален за 66 предмети.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 66 кривични предмети за малолетни лица или просечно месечно се решавале по 6,3 предмети. Имајки во предвид дека се решени и 50 подготивителни постапки за малолетници и остатокод од 19 предмети во оваа област судот покажал апсолутна ажурност. Приливот е совладан, заостатокот е намален за два /2/ предмети.

-Во 2009 г. вупно биле решени 2.293 прекршочни предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 257,2 предмети и имајки го во предвид заостатокот од 722 предмети, судот има испод три месечен заостаток или покажал апсолутна ажурност. Приливот е совладан, заостатокот е намален за 140 предмети.

-Во 2009 год. вкупно биле решени 235 кривични санкции, а имајки го во предвид заостатокот од 31 нерешен предмет , приливот не е совладан и заостатокот е зголемен за 15 предмети. Решени се и 1.526 извршни прекршочни санкции.

## *Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*

- Во 2009 г. вкупно биле решени 678 парнични предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 64,6 предмети и имајки го во предвид заостатокот од 250 парнични предмети, судот има четри месечен заостаток или покажал ажурноство работењето. Приливот е совладан, заостатокот намален за 46 предмети.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 474 стопански предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 45,1 предмети и имајки го во предвид заостатокот од 286 предмети, судот има 4,4

месечен заостаток и покажал ажурност во работењето. Приливот не е совладан, заостатокот зголемен за 64 предмети.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 289 стечајни предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 27,6 предмети и имајки во предвид заостатокот од 45 предмети, судот има 1,6 месечен заостаток или покажал апсолутна ажурност. Приливот е совладан, а застатокот намален за 15 предмета .

- Во 2009 г. вкупно биле решени 316 оставински предмет од кои 301 предмет се решени од доверените предмети кај нотарите, а 15 предмета во судот Приливот не е совладан кај предметите доверени кај нотарите за 8 предмети, додека во судот заостатокот е намален за 15 предмета.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 38 вонпарнични предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 3,6 предмети и имајки го во предвид заостатокот од 12 предмети, судот има три месечен заостаток или покажал апсолутна ажурност. Приливот е совладан, заостатокот е намален за 10 предмети.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 83 ,,Р,, предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 8 предмети и имајки го во предвид заостатокот од 4 предмети, судот има испод еден месечен заостаток или покажал апсолутна ажурност. Приливот не е совладан, заостатокот зголемен за 1 предмет.

- Во 2009 г. вкупно биле решени 868 извршни предмети или просечно месечно на ниво на суд се решавале по 82,7 предмети и имајки го во предвид заостатокот од 8.513 предмети, судот во оваа обнласт покажал апсолутна неажурност.

## IV. КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА

Квалитетот на работата во Основен суд-Кочани е прикажан во годишните табели за квалитетот на решени предмети и годишни табели за квалитет на донесени пресуди.

- Во **кривичната област** за полнолетни лица на ниво на суд биле решени вкупно 378 кривични предмети. По жалба биле 103 предмети од кои 78 предмети биле потврдени или 75,7%, 8 предмети биле преправени или 7,8% и 16 предмети биле укинати или 15,5%.

Во однос на вкупно решени предмети 378 и вкупно укинатите 16 предмети процентот на укинати е многу помал.

Процентот од 15,5 % укинати предмети цениме дека е многу добар квалитет со тенденција да продолжи и во понатамошните години

Во оваа област биле донесени 294 кривични пресуди од кои по жалба биле 92 пресуди, потврдени биле 70 пресуди или 76,1%, преправени биле 8 пресуди или 8,7 % и укинати биле 15 пресуди или 16,3% , кој процент исто така е многу добар.

- Во **прекршочната област** на ниво на суд биле решени вкупно 2.293 предмети. По жалба биле 192 предмети или 8,4 %. Потврдени биле 115 предмети или 60 %, преправени биле 29 предмети или 15,1% и укинати биле 47 предмети или 24,5 %. Цениме дека овој процент на укинати прекршочни предмети е висок. Во оваа област донесени се 1.404 пресуди од кои облажалени биле 192 предмета.

Во однос на вкупно решените предмети процентот на укинати предмети е незначителен.

Состојбата со донесени пресуди во прекршочни предмети е скоро иста како и за решените предмети.

- Решавањето на предметите во **Кривичен совет** и одлуките по жалба во оваа област е задоволителен бидејки се укинати само ;етири предмета, а вкупно се решени 249 предмета.

- Во **парничната област** ,,П,, вкупно биле решени 678 парнични предмети од кои по жалба биле 250 предмети од кои: потврдени биле 182 предмети или 72,8 %, преправени биле 21 предмети или 8,4 % и укинати 47 предмети или 18,8 % што претставува многу добар квалитет.

Што се однесува до односот на донесени пресуди, односот е исти скоро како и квалитетот на донесени одлуки. Донесени се 430 пресуди од кои обжалени биле 216 предмета.

Бројот на укинати предмети 47, во однос на вкупно решението предмети 678 е исто така незначителен.

- **Стопански предмети** вкупно биле решени 474, од кои по жалба биле 108 предмети од кои: 87 биле потврдени или 80,5%, 6 преправени или 5,5% и 15 укинати или 13,9 %. Цениме дека овој квалитет е добар имајки во предвид дека во 2008 г. овој процент беше поголем.

Во однос на вкупно решените предмети процентот на укинати предмети сосема е мал.

Процентот на укинати пресуди во стопанските предмети изнесува 13% а донесени се вкупно 279 пресуди од кои обжалени биле 94 пресуди.

- Во **вонпроцесните и оставинските предмети** бројот на предметите кои биле по жалба е незначителен, меѓутоа постигнат е многу добар квалитет. Вонпроцесни предмети обжалени биле 8 предмета од кои 5 предмета потврдени, а 3 предмета се укинати.

- **Извршни предмети** вкупно биле решени 868 По жалба биле 3 предмети од кои потврдени биле 3 предмети или 100 %, па цениме дека е постигнат многу добар квалитет.

Бројот на укинати предмети во однос на вкупниот број на решени предмети е незначителен.

- Бројот на одлуки кои биле по жалба во **стечајни предмети** е мал, но е постигнат многу добар квалитет при решавањето на истите.

## V. АНГАЖИРАЊЕ НА СУДИИ

Ангажираноста на судиите, поединечно е дадена во табеларните прегледи.

Ќе дадеме краток осврт и коментар на ангажираноста на судиите по области на ниво на суд.

При решавањето на кривичните предмети за полнолетни лица вкупно биле решени 378 предмети или просечно месечно во судот се решавале по 36 кривични предмети. Биле решени и 30 укинати кривични предмети за полнолетни лица.

- Од вкупно решените кривични предмети најголемиот дел се решавани со пресуда.

Од пресудите 263 биле осудителни, 21 ослободителни и 10 одбивателни, а 83 на друг начин. Од решените кривични предмети 11 предмети биле за кривични дела за кои е предвидена казна затвор над 10 години.

- Кривични предмети за малолетни лица вкупно биле решени 66 или просечно месечно по 6,3 предмети и 50 подготвителни постапки.

- Во судот биле решени вкупно 133 истраги или просечно месечно се решавале по 13 истраги. Од решените истраги 22 биле за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над 10 години.

- Во 2009 г. Истражниот судија постапил и по 99 истражни дејствија, а останатите судии кои дежурат постапиле по 15 истражни дејствија, па на ниво на суд биле решени вкупно 114 истражни дејствија .

- Во судот во 2009 г. биле решени вкупно 2.293 прекршочни предмети или просечно месечно се решавале по 257,2 прекршочни предмети. Од овие предмети со пресуда биле прешени 1404 предмети, а се запрени 214 предмети и се донесени 648 решенија.

- Во парничната област ,,П,, вкупно биле решени 678 парнични предмети или просечно месечно во судот се решавале по 64,6 предмети. Биле решени и 41 укинати и 12 повторување на постапката.

430 предмети биле решени со пресуда, 38 со судски порамнувања и 210 на друг начин

- Со оглед на примената на новиот Закон за процесна постапка, судот во текот на годината постапил по 4.341 платни налози

- Во тековната година во судот биле решени 474 стопански предмети или просечно месечно се решавале по 45,1 предмети, а судот решил и по 24 укинати стопански предмети

- Судот постапил и по 727 стопански платни налози .

- Во 2009 г. биле решени и 289 стечајни предмети или просечно месечно по 27,6, предмети

- Во 2009 г. во судот биле решени вкупно 15 оставински предмети или просечно месечно се решавале по 1,1 предмет, а останатите 301 предмет се решени од нотарите.

- На ниво на суд биле решени вкупно 83 ,,Р,, предмети и 38 вонпроцесни предмети.

- Во 2009 г. судот постапил и решил 868 извршни предмети или просечно месечно се решавале по 82,7 предмети.

## VI. ПОЕДИНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОД АНГАЖИРАНОСТА НА СУДИИТЕ

Постигнатите резултати од ангажираноста на судиите во квантитет и квалитет е дадена во табеларните прегледи. Овде само на кратко ќе се презентират и коментират постигнатите резултати.

*1.НИКОЛА МИХАИЛОВ* -Претседател на судот во 2009 година постапувал како претседател на кривичен совет и извршување на кривични санкции , постапувал по сите преставки и поплаки и барања за изземање, постапувал и по сите приговори против извршување. Како претседател на ,, Кс ,, решил 10 приговори на обвинителни акти, 3 неслагања со Истражен судија, 7 жалби на решенија на Истражен судија, 16 бришење на осуда, 2 вонредни ублажувања на казна, 24 молби за помилување, 14 спојување на казни и 13 повторување на постапката , 58 условни отпусти и 4 продолжување на притвор. Решил вкупно 128 приговори против извршувањето и постапил 235 кривични санкции .

По жалба биле 24 предмети од ,,Кривичен Совет ,, од кои 21 потврдени, 87,5 % , 2 укинати или 8,3 % 1 преправен или 4,2 %.

По жалба биле 44 предмети од приговори против неправилност од извршување од кои 35 предмети потврдени или 79.5 % , 9 преправени или 20,9 %.

2. *ЈАКИМЧЕ ИЛИЕВ* - Судија кој постапува по сите истражни предмети и претседател на кривичен оддел

Во 2009 г. решил 133 истраги од кои 22 за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над 10 години или просечно месечно по 13 истраги и 99 истражни дејствија или просечно месечно по 9,1 предмети .

Постапил по 25 кривични замолници .

Член на Стечајниот совет.

3. *СУЗАНА СПАСОВА* - Судија кој постапувал по кривични предмети за полнолетни лица.

Во текот на 2009 г. решила вкупно 132 кривични предмети за полнолетни лица од кои 4 предмети за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над 10 години или просечно месечно по 12,6 предмети и 8 укинати предмети , решила и 30 прекршочни предмети или 2,8 предмети месечно.

Постапила и по 6-шест Истражни дејствија

При решавањето на кривичните предмети 101 предмети решила со пресуда, а 31 предмети на друг начин.

По жалба и биле 40 кривични предмети од кои 34 потврдени или 85 %, 2 преправени или 5 % и 4 укинати или 10 %.

4. КАТЕРИНА ЦОНЕВСКА - Судија кој постапувал по кривични предмети за полнолетни лица

Во текот на 2009 г. решила вкупно 139 кривични предмети за полнолетни лица од кои 3 предмета за кои е предвидена казна затвор над 10 години или просечно месечно по 13,2 предмети и 13 укинати кривични предмети , 17 прекршочни предмети и 7 ,,Истражни дејствија,,

При решавањето на кривичните предмети со пресуда решила 108 предмети, а 31 предмети на друг начин.

По жалба и биле 34 кривични предмети од кои 25 потврдени или 73,5 %, 2 преправени или 9,5 % и 7 укинати или 20,6 %.

5. СУЗАНА МИЛЕВСКА - Судија кој постапувал по кривични предмети за полнолетни лица .

Во текот на 2009 г. решила вкупно 104 кривични предмети за полнолетни лица од кои 5 предмета за кои е предвидена казна затвор над 10 години или просечно месечно по 9,9 предмети и 9 укинати кривични предмети. Решила 62 прекршочни предмети

Решила 8 стопански предмети или 0,76 просечно месечно и 5 укинати стопански предмети.

При решавањето на кривичните предмети со пресуда решила 85 предмети, а 19 предмети на друг начин.

По жалба и биле 25 кривични предмети од кои 17 потврдени или 68%, 4 преправени или 16 % и 4 укинати или 16 %. По жалба и биле и 25 стопански предмети од кои 20 предмети потврдени или 80 %, преправени нема и 5 укинати предмети или 20 %.

*6.ОРЦЕ ФИЛИПОВ* -Судија кој постапувал по сите малолетнички предмети ,,Впп,, предмети, Оставински предмети и ,,Кс,, предмети.

Во 2009 год. решил вкупно 66 кривични предмети за малолетници или просечно месечно по 6,3 предмети, 50 подготвителни постапки, решил 89 предмети од кривичен совет, 14 ,,Р,, предмети, 37 ,,Впп,, предмети и 5 оставински предмети

По жалба му биле 13 предмети од кривичен совет од кои 10 потврдени или 76,9 %, 1 преправен или 7,77 % и 2 укинати или 15,4 %.

По жалба му биле и 2 малолетнички предмети од кои 2 потврдени или 100 %.

По жалба му биле 8 ,,Впп,, предмети од кои 5 предмети потврдени или 62,5 %, 3 укинати предмети или 37,5 %.

*7 . КИРО СТЕФАНОВ* - Судија кој постапувал по прекршочни предмети , оставински предмети, член на Кривичниот совет.

Во 2009 г. решил вкупно 744 прекршочни предмети или просечно месечно решавал по 70,8 предмети. Од решените предмети 355 решил со пресуда, а 174 била запрени.

Учествувал и како член на петочлен судски совет.

Решил и едно истражно дејствие и 2 /два /кривични предмети за полнолетни лица и 10 / десет / оставински предмети.

Решил 328 предмети прекршочни санкции

По жалба му била 48 прекршочни предмети од кои 24 потврдени или 50 %, 11 преправени или 22,9 % и 13 укинати или 27,1 %. По жалба му биле и 6 оставински предмети од кои 1 е потврдени или 16,7 %, 5 укинати предмети или 83,3 %.

8*. ЛИЛЈАНА РАВНАК* - Судија кој постапувал по прекршочни предмети и член на ,,Кс,,

Во 2009 г. решила вкупно 371 прекршочни предмети од кои 295 со пресуда, 47 со решение и 29 запрени. Просечно месечно решавала по 74,2 предмети.

По жалба и биле 54 предмети од кои 30 потврдени или 55,5 %, преправени 10 или 18,5 % и укинати 14 или 25,9 %.

Решила 363 прекршочни санкции.

Судиската финкција и престанала на ден 04.06.2009 година која е разрешена поради исполнување на услови на старосна пензија.

*9.* ОЛГИЦА РИСТОВСКА - Судија кој постапувал по прекршочни предмети.

Во 2009 г. решила вкупно 1.069 предмети од кои 686 со пресуда, 353 со решение и 30 запрени. Просечно месечно решавала по 101,8 предмети, решила и еден кривичен предмет за полнолетни лица .

Решила и 835 прекршочни санкции.

По жалба и биле 89 предмети од кои 61 потврдени или 68,5%, преправени 8 или 9 % и укинати 20 или 22,5 %.

Учествувала како член на петочлен на судски совет.

По жалба и биле 2 кривични предмети за полнолетни лице , 2 предмета потврдени или 100 %.

Одговорна на прекршочен отсек.

*10. КАТЕРИНА ДИМИТРОВСКА* - Судија која постапувала по парнични предмети и ,,Р,, малолетнички бракови, а воедно е и Претседател на граѓански оддел.

Во 2009 г. решила вкупно 258 парнични предмети од кои 158 со пресуда, 20 со спогодба и 80 на друг начин. Просечно месечно решавала по 24,6 предмети. Решила 6 укинати предмети.

Постапила по 7 ,,Р,, предмети - дозволи за склучување на брак.

По жалба и биле 63 парнични предмети од кои 49 потврдени или 77,8 %, 5 преправени предмети или 7,9 % и 9 укинати предмети или 14,3%.

По жалба и бил 1 /еден/ стопански предмети од кој 1 /еден/потврден или 100%.

*11. ВИОЛЕТА МИЛАДИНОВА* - Судија која постапувала по парнични предмети.

Во 2009 г. решила вкупно 271 парнични предмети од кои 167 со пресуда, 7 со спогодба и 97 на друг начин. Просечно месечно решавала по 25,8 предмети. Решила 21 укинати и 7 повторувања на постапката.

Решила вкупно 1 стопански предмети од кои 1 /еден/ со пресуда и 1 /еден/ укинат стопански предмет.

Решила и 3 ,,Р,, предмети и еден ,,Впп,, предмет.

По жалба и биле 100 предмети од кои 71 потврдени или 71, %, 8 преправени или 8 % и 21 укинати или 21 %.

По жалба и биле 2 стопански предмети од кои 2 потврдени или 100%.

Постапила по 9 граѓански замолници

*12. ЗОРАНЧО МИЦЕВСКИ* - Судија кој постапувал по парнични предмети

Во 2009 г. решил вкупно 148 парнични предмети од кои 105 со пресуда, 11 со спогодба и 32 на друг начин. Просечно месечно решавал по 27 предмети. Решил 14 укинати и 4 повторувања на постапката.

По жалба му биле 87 предмети од кои 62 потврдени или 71,32 %, 8 преправени или 9,2 %, 17 укинати или 19,5 %

На ден 25.06.2009 година е избран за судија во Апелационен суд Штип.

*13. ЗОРАН ГЛИГОРОВ* - Судија кој постапувал по стопански предмети и признавање на странски одлуки.

Во 2009 г. решил вкупно 1 парнични предмети од кои на друг начин.

Решил вкупно 249 стопански предмети од кои 132 со пресуда, 117 на друг начин и 12 укинати стопански предмети. Просечно месечно решавал по 23,7 стопански предмети.

Решил 18 предмети ,,Псо,,-признавање на странски одлуки , 4 стечајни предмети и 363 стопански платни налози

По жалба му била 39 стопански предмети од кои 33 потврдени или 84,6 % , 6 укинати или 15,4 %.

*14. СИМЕОН ЗДРАВКОВ* - Судија кој постапува по извршни предмети и стопански предмети

Во 2009 г. решил вкупно 868 извршни предмети или просечно месечно по 82,7 предмети.

Решил и 216 стопански предмети од кои 141 со пресуда, 75 на друг начин. Просечно месечно решавал по 20,6 стопански предмети. Решил и 5 укинати стопански предмети.

Постапил и по 3 ,,Р,, предмети и 364 стопански платни налози.

По жалба му биле 3 извршни предмети од кои 3 потврдени 100 %, По жалба му биле и 36 стопански предмети од кои 28 потврдени или 77,8 % , 4 преправени или 11,1 %, 4 укинати или 11,1 %.

По жалба му биле 8 предмети од стечаен совет од кои 3 обжалени и трите потврдени или 100 %.

15.*ДАРКО РИСТОВ* - Судија кој постапувал исклучиво по стечајни предмети и ,,Р,, предмети

Во 2009 г. решил вкупно 286 стечаи или просечно месечно 27,2 предмети.

Постапил по 38 ,,Р,, предмети.

По жалба му била 2 /два / стечајни предмети од кои 2 /двата / потврдени или 100%.

Судиите при Основен суд Кочани присуствувале на обуки и сименари организарни од Акедемијата за обука на судиите и јавните обвинители на Р.М и ѓи имаат остварено потребните часови за обука во Академијата.

## VII. СУДСКА УПРАВА

Според Законот за судовите и Судскиот деловник во реализацијата на управувањето на работата со судот, одговорни се Претседателот на судот, во одредени оддели Претседателите на одделите и административно -техничкиот персонал во судот.

И понатаму во судот останува непотполнети работни места благајник на судот, едно работни места технички секретар на судија-дактилограф, еден хигиеничар, три работни места стручни соработници и четири судски приправници.

Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем, меѓутоа сеуште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати, а судот располага само со три судници и во најголем дел судењата се одржуваат во канцелариите на судиите.

Во овој дел понатаму останува проблемот што во истата зграда е сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите.

За вршење на работа во судот има обезбедено информатичка опредма комјутери, печатари и истите се користат оптимално. Во најголем дел просториите се климатизирани.

Пополнетоста со стручните соработници во судот незадоволува, бидејки во судот има само шест /6/ стручни соработници и не е вработен ниту еден судски помошник-приправник. Стручните соработници со годишниот распоред за работата на судиите се распоредуваат кај судија сразмерно на потребите од обемот што го има во работа судот и судиите кај кого се распоредени.

Од 18.05.2009 година е воводена програмата АКМИС, вработените во судската управа сите предмети ги заведуваат во програмата АКМИС, се врши електронски запис на предметите со што се подобрува ефикасноста на судот преку минимизирање во употреба на хартии и скратување на времето за обработка на предметот , се овозможува поедноставно следење на предметите и се овозможува увид на работата на судот и судиите и следење на нивната ефикасност.

Финансирањето во судот воглавно беше редовно, но отежнато со оглед на намалениот буџетот на судот за 2009 г. така да останаа неизмирени обврски во делот за неплатени комунални услуги, греење , комуникација , транспорот и слично.

## VIII. ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РАБОТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ

Општа оценка е дека во 2009 г. судиите воглавно се придржувале на Програмата за работа што се изготвува секоја година и дека во одредени области , посебно би нагласиле кај истрагите, кривичните предмети за малолетни лица, стечајните предмети, истражните дејствија, се постигнати резултати кои на судот му даваат апсолутна или ажурност во работењето.

Како што е понапред изнесено од вкупната бројка на заостанати предмети во 2009 г. ако се одземат извршни предмети, извршни прекршочни санкции, во судот е мал бројот на оние така наречени ,,спорни предмети,, .

Остатокот на нерешените предмети во сите области е доведена до една разумна бројка посебно што во Основниот суд Кочани повеќе нема стари нерешени предмети и се очекува дека во 2010 година во сите области судот ке биде апсолутно ажурен.

Извршните предмети кои според измените на Законот за извршувањето остануват во надлежност на судовите до 30.06.2010 година, па приоритет ќе се даде на решавање на старите извршни предмети и извршните предмети по судски одлуки.

Што се однесува до квалитетот во работењето во сите области, со оглед на постигнатите проседи на укинати предмети, истите се на задоволително ниво посебно во кривичната и граганската област, со тенденцијата да така се продолжи и во 2010 год.

Во истражните, кривичните за полнолетни лица, кривични малолетни лица и парнични предмети, судот нема стари предмети, додека во стопанските предмети бројката на стари предмети сега не е голема така да и во 2010 год. ке се даде приоритет во решавање на старите предмети .

За работата на судот за 2010 година е биде изготвена посебна Програма.

***Основен суд Кочани 16.02.2010 година.***

*Претседател на судот,*

*Никола Михаилов*